# 11.08.2010г. Одземени дозволите за вршење радиодифузна дејност на три сателитски телевизии

**СКОПЈЕ – 11 август, 2010** – Советот за радиодифузија (СРД) им ги одзеде дозволите за вршење радиодифузна дејност на сателитските телевизии БМ, Зајди зајди и К-15 Минус.

СРД им ги одзеде дозволите на овие телевизии поради неплаќање на надоместокот за вршење радиодифузна дејност, што е предвиден во Законот за радиодифузната дејност. Според овој закон, сите радиодифузери се обврзани да го плаќаат овој надоместок, што се пресметува според формулата дадена во членот 60 од законот.